**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 декември 2025 година**

**Скопје, декември 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 декември 2025 година**

Седницата започна во 13:40 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација, м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Борко Ристовски, министер за спорт

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од Сто дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 ноември 2025 година

- Усвојување на Записникот од Сто триесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 декември 2025 година

1. Предлог - програма за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2025 година

2. Информација за давање овластување за потпишување на Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор во делот за плата, други права по основ на плата и надоместоци на плата со кој се врши зголемување на платите на вработените во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје, со Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор

3. Одлука за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во печатена форма, со Предлог-одлука и дополнување

4. Информација за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" на КПУ Затвор - Тетово, со Предлог-одлука

5. Годишна сметка за 2024 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје, Годишен извештај за работењето за 2024 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје и финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2024 година, со Извештај на независниот ревизор, со дополнувања и предлог - одлуки

6. Ценовник за огревно и техничко дрво и други шумски производи и услуги во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен” - Скопје, со табели и Предлог-одлука

7. Ценовник за отстрел на дивеч, користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен”-Скопје, со Предлог-одлука

8. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Сто и петнаесетта одлука)

9. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Сто и четиринаесетта одлука)

10. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во Акционерското друштво во државна сопственост за

управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловната навигација на М-НАВ АД Скопје

11. Годишна сметка за 2024 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје, Извештај за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост- Скопје, во периодот јануари – декември 2024 година, финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор, со дополнување и предлог-одлуки

12. Барање за согласност за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на Акционерското друштво за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија, во државна сопственост – Скопје за 2025 година, со прилози и со Предлог-одлука

13. Информација во врска со спроведената постапка за јавна набавка на услуги за ревизија на годишните финансиски извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија за 2024 година и 2025 година, со Предлог-одлука

14. Информација за потреба од спогодбено раскинување на Договор за „Изведба на објекти за времено сместување и амбуланта за прва помош, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2 и објекти за времено сместување, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во ТИРЗ Штип и ТИРЗ Прилеп, по принцип клуч на рака“ (Договор бр. во ДТИРЗ 05-1413/4 од 18.12.2023 година), со прилози

15. Информација во врска со Барањето за добивање на согласност за воспоставување на хипотека од страна на ДПТУ ВДЛ Ван Хоол Македонија ДООЕЛ Илинден, а во врска со Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заведен под арх. бр. 07-739/1 од 27.6.2012 година, арх. бр. 03-1435/9 од 25.12.2013 година и арх. бр. 09-318/1 од 6.2.2015 година, склучени помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и ДПТУ Ван Хоол Македонија ДООЕЛ Скопје, како закупопримач и арх. бр. 09-883/1 од 13.5.2025 година, склучен помеѓу Република Северна Македонија – Влада на Република Северна Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство, трговија и услуги ВДЛ Ван Хоол Македонија ДООЕЛ Илинден, како закупопримач

16. Информација за склучување на Анекс – договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош бр.13-1031/1 од 11.06.2025 година на Друштвото за производство, трговија и услуги БМЗ ДООЕЛ Илинден и БМЗ ХОЛДИНГ ГмбХ (BMZ HOLDING GmbH), со Предлог-одлука

17. Информација за склучување на Анекс - договор бр.3 кон Договорот за доделување на државна помош бр.13-271/1 од 2.2.2016 година и Анекс-договор бр.1 со бр.13-271/2 од 18.8.2016 година и Анекс-договор бр.2 бр.13-869/1 од 1.6.2022 година на Друштвото за производство АДИЕНТ АУТОМОТИВЕ ДООЕЛ Струмица, со Предлог-одлука

18. Информација за задолжување на Координативното тело за следење на арбитражни постапки за разгледување на Договорот за доделување на државна помош бр.13-1722/1 од 27.12.2018 година и Анекс-договор бр.1 бр.13-527/1 од 21.3.2022 година на Друштвото за производство и трговија Дура аутомотиве ДООЕЛ Илинден и Дура аутомотиве холдингс О.К. ЛТД (Dura automotive holdings U.K. LTD), со прилози

19. Информација за задолжување на Координативното тело за следење на арбитражни постапки за разгледување на Договорот за доделување на државна помош, бр.13-1641/1 од 21.12.2022 година на Друштвото за производство и трговија Аптив Сервисес Македонија ДООЕЛ Скопје и Аптив Сервисес Хунгари Карлотолт Фелелосеѓ Торсашог (Aptiv Services Hungary Korlátolt Felelősségű Társaság), со прилози

20. Информација за задолжување на Координативното тело за следење на арбитражни постапки за разгледување на Договорот за доделување на државна помош бр.13-128/1 од 15.1.2016 година и Анекс договор бр.1 бр.13-1640/1 од 21.12.2022 година на Друштвото за производство и трговија Аптив Сервисес Македонија ДООЕЛ Скопје и Аптив Сервисес Хунгари Карлотолт Фелелосеѓ Торсашог (Aptiv Services Hungary Korlátolt Felelősségű Társaság), со прилози

21. Програма за работа, Финансиски план и Инвестициона програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2026 година, со Предлог – одлука

22. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија

23. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 4 декември 2025 до 10 декември 2025 година

24. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 11 декември 2025 година до 17 декември 2025 година

25. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 4 декември 2025 година до 10 декември 2025 година

26. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради

спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 11 декември 2025 година до 17 декември 2025 година

27. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за дополнително финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали

28. Ревидирана стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2026-2028 (со изгледи до 2030 година)

29. Информација за навремено и усогласено постапување согласно законските обврски на јавните претпријатија и трговските друштва во целосна и доминантна сопственост на државата, за подобро проектирање и ефикасно управување со јавните финансии, со прилози

30. Информација за доставено Барање бр.11-5873/1 од 28 октомври 2025 година за измена на услови за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Министерството за финансии, поради неможност за отплата на доспеаните обврски по Договор за заем склучен со Експорт-импорт банка на Кина

31. Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 30.9.2025 година, со табеларен преглед

32. Информација за потребата од склучување на Договор за грант меѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Европската банка за обнова и развој и Договор за обесштетување од страна на државата меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој за финансирање на TEN-T Проектот за автопат од Скопје до границата со Косово, со усогласен текст на Договор за грант и усогласен текст на Договор за обесштетување од страна на државата

33. Информација за утврдување на целите и придонесите за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија, со Предлог-уредба

34. Предлог - уредба за моделите на договори за енергетски услуги за загарантирани заштеди и за заеднички финансиски заштеди кои се користат при договарањето на енергетски услуги, начинот на определување на вредноста на договорите за енергетски услуги и потребната документација во врска со спроведувањето на постапките за доделување на договори за енергетски услуги од страна на јавните партнери

35. Информација за определување на државни ловишта и за давање на управување на државните ловишта на правни лица кои вршат дејност од јавен интерес од областа на шумарството, ловството или заштита на животната средина, како и на установи за наставно-научни цели, со Предлог-одлука и предлог-решенија

36. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Драган Илов ул.Цандо Кузманов бр.62, Кавадарци, со Предлог-одлука

37. Информација во врска со Барањето на концесионерот Макбел хидро ДОО Охрид за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ Караниколос, со реф.бр.80

38. Информација во врска со Барањето на концесионерот Индиго Хидро Македонија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф. бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф. бр. 144 и МХЕЦ Маркова со реф. бр. 145, со текст на Анекс бр. 10 на Договорот

39. Информација за склучени договори за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи лоцирани во национални паркови

40. Информација со предлог за спогодбено раскинување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 5, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 6 и на Договорот за концесија за користење на вода од мали хидроелектрични централи МХЕЦ Железна 15 и МХЕЦ Железна 17, со прилози

41. Информација за утврдување на нов субјект на управување во Предлогот на закон за прогласување на Охридското Езеро за споменик на природата

42. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини на простор „Север - североисток“ Општина Кратово, Општина Крива Паланка, Општина Кочани и Општина Македонска Каменица, со Предлог – одлука

43. Информација во врска со одобрување на трошоци за арбитражниот предмет ФЦЛ Амбиенте С.Р.Л. против Република Северна Македонија (ISCID Case No. ARB/23/31), поведен пред Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови

44. Информација за потребата за склучување Договор за проект помеѓу Канцеларијата на Обединетите нации за проектни услуги (the United Nations office for project services) и Владата на Република Северна Македонија/Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за Национален фонд за животна средина за чистење на ОХИС, Дополнување бр.6, со усогласен текст на Договор

45. Информација за реализација на проектите од Одлуката за склучување на анекс на Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/20 и 138/21) и Одлуката за склучување на анекс на Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.163/23)

46. Предлог - одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2026 година(*)

47. Предлог - одлука за Дваесет и четврта емисија на обврзници за денационализација

48. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

49. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Републука Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот април-јуни 2025 година

50. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за системот за проценка на лица со попреченост

51. Информација за состојбата на населените лица околу месноста Вардариште

52. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изработка на проектна документација за дополна на основни проекти за измени во тек на градба, за довршување на изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, како и изработка на ревизија на проектна документација за дополна на основни проекти за измени во тек на градба, за довршување на изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје

53. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта, како и услуги за вршење на стручно - технички надзор врз реконструкција на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта

54. Информација за потребата од лиценцирање на ЕМТ Тип 1 тимови во Република Северна Македонија

55. Информација со реални проблеми околу имплементацијата на Законот за планински патеки

56. Предлог - програма за изменување на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2025 година

57. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на животната средина и просторното планирање за 2025 година

58. Предлог - одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари – уметнички дела на државни институции (8)

59. Информација за обезбедување финансиски средства за покривање на трошоци за посета на делегацијата од Општина Крагуевац, Република Србија, со цел воспоставување основа за нови заеднички проекти, иницијативи и културни настани

60. Годишна програма за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио - телевизија за 2026 година

61. Барање за давање на автентично толкување на членот 6 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 13/23 и 59/25), поднесено од пратеникот Бојан Стојаноски

62. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.159/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 28 став 2 од Законот за иновациска дејност, научно-технолошки развој и претприемништво („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/25 и 192/25)

63. Понуда од нотар Цеца Малева Стоев од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.986 за КО Конско, на КП бр.575, викано место/улица „Конско“

64. Понуда од нотар Ана Весова од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.351, за КО Бардовци, на КП бр.1751, викано место/улица „Село“

65. Понуда од нотар Елвин Зиба од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.157013, за КО Охрид 2, на КП бр.10505/1, викано место/улица „Град“ и недвижен имот запишан во Имотен лист бр.7313, за КО Охрид 2, на КП бр.10505, викано место/улица „Богомолска 14“

66. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10314 за КО Илинден, на КП бр.1163/1, викано место/улица „Село“

67. Понуда од нотар Анита Цветановска од Куманово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.83479 за КО Куманово, на КП бр.11070/1, викано место/улица „С.Лозја“

68. Понуда од нотар Горан Каранфиловски од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.91699, за КО Штип 1, на КП бр.1280, викано место/улица „Каленица“ и Имотен лист бр.91311 за КО Штип 1, на КП бр.1296/2, КП бр.897/3 и КП бр.898, викано место/улица „Каленица“

69. Понуда од извршител Гордана Џутеска од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.10579, за КО Враништа, на КП бр.994/1, викано место/улица „с.Враништа“, доставено под И.бр.380/2025

70. Информација за прогресот на проектот „Обнова на возниот парк" на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, кој ќе се финансира по пат на заем од Европската банка за обнова и развој

71. Годишен извештај за остварување на меѓуопштинска соработка, за 2024 година

72. Годишна сметка на Централниот регистар на Република Северна Македонија за 2024 година, финансиски извештаи за годината завршена на 31 декември 2024 година и Извештај на независниот ревизор, со дополнувања

73. Извештај за работа на Централниот регистар на Република Северна Македонија за 2024 година

74. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о. за период од 1 април 2025 година до 30 јуни 2025 година

75. Финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1 јануари до 31 март 2025 година

76. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево" - Битола, за период од 1 јули 2025 година до 30 септември 2025 година

77. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, за период од 1 октомври 2024 година до 31 декември 2024 година, со прилози

78. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, за период од 1 јануари 2025 година до 31 март 2025 година

79. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, за период од 1 април 2025 година до 30 јуни 2025 година

80. Кадровски прашања

81. Прашања и предлози

82. Предлог - уредба за Методологија за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици за 2026 година

83. Предлог-програма за распределба и користење на средства за проекти во сообраќајната/патната инфраструктура во 2026 година

84. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на мост на Кочанска Река за поврзување на улица „Лазар Андонов“ со улица „Вера Которка“ во Општина Кочани

85. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на дел од собирна улица „Никола Карев“ и дел од градска магистрална улица „Новопланирана 1“ во Кочани (јужен булевар, влез од кај Грдовци)

86. Предлог-одлука за утврдување на висината на надоместокот на членовите на Комисијата за евалуација на барањата за доделување на финансиска поддршка на инвестиции

87. Предлог–одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерални суровини – руди на олово и цинк на локалитетот „Мечкин Камен“ Општина Македонска Каменица на рудникот Саса ДООЕЛ Македонска Каменица

88. Информација за потреба од спогодбено раскинување на Договор за “Изведба на објекти за времено сместување и амбуланта за прва помош, детски градинки и складишта со пратечки содржини (паркиралишта) во ТИРЗ Скопје1 и ТИРЗ Скопје2 и објекти за времено сместување, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во ТИРЗ Штип и ТИРЗ Прилеп по принцип клуч на рака“ (договор број во ДТИРЗ 05-1413/4 од 18.12.2023година), со прилози

89. Годишна сметка и финансиски извештаи за период од 1 јануари 2024 година до 31 декември 2024 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, Годишен извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година, со Извештај од независните ревизори, прилози и предлог-одлуки

90. Информација за донесување на Изменување и дополнување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10MW) во Општина Штип, Општина Радовиш и Општина Карбинци, со Предлог-одлука

91. Записник од Деветтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 22 декември 2025 година, со Записник од Осмата седница на Групата за процена, одржана на 22 декември 2025 година и предлог – одлука

92. Извештај за спроведувањето на чекорот ,,Минимум 70% од матичните буџетски корисници на централно ниво да имаат документ за управување со ризик, вклучително и антикорупцискиот ризик и ги евидентираат идентификуваните ризици во плановите за ублажување,, од Област на политика 1.РЈА (вклучително и УЈФ) - Подобласт ,,Управување со јавни финансии,,- реформа ,,Зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола“, утврден со Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан – Реформска агенда за Република Северна Македонија 2024 – 2027

93. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето-задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2025 година

94. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (наменети за исплата по основ на арбитражната одлука донесена од Трибуналот на Меѓународниот суд за арбитража (ICA))

95. Предлог - одлука за укинување на увозната давачка-царинската стапка за живински и птичји јајца во лушпа, свежи, конзервирани или варени

96. Предлог-одлука за предвремена примена на Протокол 2 воспоставен со Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција во однос на дефинирањето на поимот „производи со потекло" и методи на административна соработка, заменет со одлука бр. 1/2025 на Мешовитиот комитет

97. Информација за започнување со примена на Законот за работно ангажирање на лица

98. Предлог - одлука за определување на квота за дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територијата на Република Северна Македонија за 2026 година

99. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар за потребите на реновираните простории на Одделот за анестезија, реанимација и интензивно лекување – КАРИЛ

100. Предлог-одлука за давање под закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба (од страна на Министерството за здравство на Град Скопје - ЈП Градски паркинг-Скопје, за организирање на паркирањето во Комплекс клиники „Мајка Тереза“, Скопје)

101. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на 100 амбулантни возила со надоградена медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи

102. Предлог- одлука за спојување на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје со Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје во Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија и кардиоваскуларна хирургија Скопје - „Национален центар за кардиоваскуларни заболувања“

103. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации (*), по скратена постапка

104. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење (*), по скратена постапка

105. Предлог на закон за пописот на земјоделството во Република Северна Македонија, 2026 година, по скратена постапка

106. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (недвижни ствари-објекти, кои се наоѓаат на ул. „Водњанска“ бб во Скопје)

*

*    *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Сто дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 ноември 2025 година и Записникот од Сто триесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 декември 2025 година.

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог-програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2025 година.

**<u>Точка 2</u>**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за давање овластување за потпишување на Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор во делот за плата, други права по основ на плата и надоместоци на плата со кој се врши зголемување на платите на вработените во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје, со Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор, за наредната седница на Владата.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ја разгледа Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во печатена форма, со Предлог-одлука и дополнување и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во печатена форма.

**<u>Точка 4</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" на КПУ Затвор - Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје на КПУ Затвор - Тетово.

**Точка 5**

Владата ги разгледа Годишната сметка за 2024 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје, Годишниот извештај за работењето за 2024 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје и финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2024 година, со Извештајот на независниот ревизор, со дополнувања и предлог - одлуки и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка за 2024 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен” - Скопје.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето за 2024 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен” - Скопје.

3. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето искажани во Годишната сметка за 2024 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен” - Скопје.

Истовремено, Владата укажува на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје, во рок од 30 дена, до Владата да достави информација за преземените мерки во врска со постапувањето по забелешките во ревизорскиот извештај.

**Точка 6**

Владата го разгледа Ценовникот за огревно и техничко дрво и други шумски производи и услуги во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен” - Скопје, со табели и Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот за огревно и техничко дрво и други шумски производи и услуги во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен” – Скопје.

**Точка 7**

Владата го разгледа Ценовникот за отстрел на дивеч, користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен”-Скопје, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот за отстрел на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен” – Скопје.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Сто и петнаесетта одлука).

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Сто и четиринаесетта одлука).

**Точка 10**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог - одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловната навигација на М-НАВ АД Скопје.

**Точка 11**

Владата ги разгледа Годишната сметка за 2024 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје, Извештајот за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост- Скопје, во периодот јануари – декември 2024 година, финансиските извештаи и Извештајот на независниот ревизор, со дополнувањето и предлог-одлуки и ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје за 2024 година и

2. Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје за 2024 година.

Истовремено, Владата заклучи да му укаже на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост- Скопје, да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави информација за преземените мерки, во врска со постапувањето по забелешките во ревизорскиот извештај.

**Точка 12**

Владата го разгледа Барањето за согласност за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на Акционерското друштво за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија, во државна сопственост – Скопје за 2025 година, со прилози и со Предлог-одлука, го прифати Барањето и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведената постапка за јавна набавка на услуги за ревизија на годишните финансиски извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија за 2024 година и 2025 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на годишните финансиски извештаи за 2024 година и 2025 година на

Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од спогодбено раскинување на Договор за „Изведба на објекти за времено сместување и амбуланта за прва помош, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2 и објекти за времено сместување, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во ТИРЗ Штип и ТИРЗ Прилеп, по принцип клуч на рака“ (Договор бр. во ДТИРЗ 05-1413/4 од 18.12.2023 година), со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се врши измена на согласноста за повеќегодишно финансирање за спроведување на постапка за изведба на објекти за времено сместување и амбуланта за прва помош, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2 и објекти за времено сместување, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во ТИРЗ Штип и ТИРЗ Прилеп, по принцип клуч на рака, наведена во точка 39 од Нацрт – записникот од Двесте и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 декември 2023 година (бр. 41-10995/3), со што престанува да важи претходно наведената согласност.

2. Се задолжува Бирото за процена да предложи овластени вештаци од областа на урбанизмот, градежништвото и економско-финансиската област кои ќе изработат вешт наод со мислење, се со цел да се утврди фактичката реализација на договорот и фискалните импликации кои произлегуваат од истиот и истите да дадат мислење за понатамошно постапување.

3. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, изготвениот вешт наод со мислење од овластените вештаци да го достави до Владата и согласно истиот до Владата да достави и Предлог - спогодба за раскинување на Договорот.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето за добивање на согласност за воспоставување на хипотека од страна на ДПТУ ВДЛ Ван Хоол Македонија ДООЕЛ Илинден, а во врска со Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заведен под арх. бр. 07-739/1 од 27.6.2012 година, арх. бр. 03-1435/9 од 25.12.2013 година и арх. бр. 09-318/1 од 6.2.2015 година, склучени помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и ДПТУ Ван Хоол Македонија ДООЕЛ Скопје, како закупопримач и арх. бр. 09-883/1 од 13.5.2025 година, склучен помеѓу Република Северна Македонија – Влада на Република Северна Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 2, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство, трговија и услуги ВДЛ Ван Хоол Македонија ДООЕЛ Илинден, како закупопримач, ја усвои Информацијата и ја задолжи Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да го извести ДПТУ ВДЛ Ван Хоол Македонија ДООЕЛ Илинден, дека не е дадена согласност за воспоставување на хипотека.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс – договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош бр.13-1031/1 од 11.06.2025 година на Друштвото за производство, трговија и услуги БМЗ ДООЕЛ Илинден и БМЗ ХОЛДИНГ ГмбХ (BMZ HOLDING GmbH), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност

на Анекс-договорот бр.1 кон договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги БМЗ ДООЕЛ Илинден и БМЗ Холдинг Гмбх (BMZ Holding Gmbh) со бр.13-1031/1 од 11.6.2025 година.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс - договор бр.3 кон Договорот за доделување на државна помош бр.13-271/1 од 2.2.2016 година и Анекс-договор бр.1 со бр.13-271/2 од 18.8.2016 година и Анекс-договор бр.2 бр.13-869/1 од 1.6.2022 година на Друштвото за производство Адиент аутомотиве ДООЕЛ Струмица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс - договор бр.3 кон Договорот за доделување на државна помош бр.13-271/1 од 2.2.2016 година и Анекс договор бр.1 со бр.13-271/2 од 18.8.2016 година и Анекс-договор бр.2 бр.13-869/1 од 1.6.2022 година на Друштвото за производство Адиент аутомотиве ДООЕЛ Струмица - корисник на Технолошка индустриска развојна зона Струмица.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Координативното тело за следење на арбитражни постапки за разгледување на Договорот за доделување на државна помош бр.13-1722/1 од 27.12.2018 година и Анекс-договор бр.1 бр.13-527/1 од 21.3.2022 година на Друштвото за производство и трговија Дура аутомотиве ДООЕЛ Илинден и Дура аутомотиве холдингс О.К. ЛТД (Dura automotive holdings U.K. LTD), со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Координативното тело за следење на арбитражни постапки да го разгледа Договорот за доделување на државна помош бр.13-1722/1 од 27.12.2018 година и Анекс-договор бр.1 бр.13-527/1 од 21.3.2022 година на Друштвото за производство и трговија Дура аутомотиве ДООЕЛ Илинден и Дура аутомотиве холдингс О.К. ЛТД (Dura automotive holdings U.K. LTD), со цел утврдување на постоење на околности и услови за поведување на арбитражна постапка.

2. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да учествува на сите состаноци на Координативното тело за следење на арбитражни постапки во врска со Договорот за доделување на државна помош бр.13-1722/1 од 27.12.2018 година и Анекс-договор бр.1 бр.13-527/1 од 21.3.2022 година на Друштвото за производство и трговија Дура аутомотиве ДООЕЛ Илинден и Дура аутомотиве холдингс О.К. ЛТД (Dura automotive holdings U.K. LTD).

3. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да ја извести Владата во рок од 10 работни дена, откако Договорот за доделување на државна помош бр.13-1722/1 од 27.12.2018 година и Анекс-договор бр.1 бр.13-527/1 од 21.3.2022 година на Друштвото за производство и трговија Дура аутомотиве ДООЕЛ Илинден и Дура аутомотиве холдингс О.К. ЛТД (Dura automotive holdings U.K. LTD) ќе биде разгледан на седница на Координативното тело за следење на арбитражни постапки.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Координативното тело за следење на арбитражни постапки за разгледување на Договорот за доделување на државна помош, бр.13-1641/1 од 21.12.2022 година на Друштвото за производство и трговија Аптив Сервисес Македонија ДООЕЛ Скопје и Аптив Сервисес Хунгари Карлотолт Фелелосеѓ Торсашог (Aptiv Services Hungary Korlátolt Felelősségű Társaság), со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Координативното тело за следење на арбитражни постапки да го разгледа Договорот за доделување на државна помош, бр.13-128/1 од 15.1.2016 година и Анекс - договорот бр.1, бр.13-1640/1 од 21.12.2022 година на Друштвото за производство и трговија Аптив Сервисес Македонија ДООЕЛ Скопје и Аптив Сервисес Хунгари Карлотолт Фелелосеѓ Торсашог (Aptiv Services Hungary Korlátolt Felelősségű Társaság), со цел утврдување на постоење на околности и услови за поведување на арбитражна постапка.

2. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да учествува на сите состаноци на Координативното тело за следење на арбитражни постапки во врска со Договорот за доделување на државна помош, бр.13-128/1 од 15.1.2016 година и Анекс - договорот бр.1, бр.13-1640/1 од 21.12.2022 година на Друштвото за производство и трговија Аптив Сервисес Македонија ДООЕЛ Скопје и Аптив Сервисес Хунгари Карлотолт Фелелосеѓ Торсашог (Aptiv Services Hungary Korlátolt Felelősségű Társaság).

3. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да ја извести Владата, во рок од 10 работни дена, откако Договорот за доделување на државна помош, бр.13-128/1 од 15.1.2016 година и Анекс - договорот бр.1, бр.13-1640/1 од 21.12.2022 година на Друштвото за производство и трговија Аптив Сервисес Македонија ДООЕЛ Скопје и Аптив Сервисес Хунгари Карлотолт Фелелосеѓ Торсашог (Aptiv Services Hungary Korlátolt Felelősségű Társaság), ќе биде разгледан на седница на Координативното тело за следење на арбитражни постапки.

**<u>Точка 20</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Координативното тело за следење на арбитражни постапки за разгледување на Договорот за доделување на државна помош бр.13-128/1 од 15.1.2016 година и Анекс договор бр.1 бр.13-1640/1 од 21.12.2022 година на Друштвото за производство и трговија Аптив Сервисес Македонија ДООЕЛ Скопје и Аптив Сервисес Хунгари Карлотолт Фелелосеѓ Торсашог (Aptiv Services Hungary Korlátolt Felelősségű Társaság), со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Координативното тело за следење на арбитражни постапки да го разгледа Договорот за доделување на државна помош бр.13-128/1 од 15.1.2016 година и Анекс - договор бр.1 бр.13-1640/1 од 21.12.2022 година на Друштвото за производство и трговија Аптив Сервисес Македонија ДООЕЛ Скопје и Аптив Сервисес Хунгари Карлотолт Фелелосеѓ Торсашог (Aptiv Services Hungary Korlátolt Felelősségű Társaság) со цел утврдување на постоење на околности и услови за поведување на арбитражна постапка.

2. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да учествува на сите состаноци на Координативното тело за следење на арбитражни постапки во врска со Договорот за доделување на државна помош бр.13-128/1 од 15.1.2016 година и Анекс - договор бр.1 бр.13-1640/1 од 21.12.2022 година на Друштвото за производство и трговија Аптив Сервисес Македонија ДООЕЛ Скопје и Аптив Сервисес Хунгари Карлотолт Фелелосеѓ Торсашог (Aptiv Services Hungary Korlátolt Felelősségű Társaság).

3. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да ја извести Владата, во рок од 10 работни дена, откако Договорот за доделување на државна помош бр.13-128/1 од 15.1.2016 година и Анекс - договор бр.1 бр.13-1640/1 од 21.12.2022 година на Друштвото за производство и трговија Аптив Сервисес Македонија ДООЕЛ Скопје и Аптив Сервисес Хунгари Карлотолт Фелелосеѓ Торсашог (Aptiv Services Hungary Korlátolt Felelősségű Társaság) ќе биде разгледан на седница на Координативното тело за следење на арбитражни постапки.

**Точка 21**

Владата ги разгледа Програмата за работа, Финансискиот план и Инвестиционата програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2026 година, со Предлог – одлука и притоа заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2026 година.

2. Ги разгледа Програмата за работа и Инвестиционата програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2026 година, како материјали за информирање.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 23**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 4 декември 2025 до 10 декември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 24**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 11 декември 2025 година до 17 декември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 25**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 4 декември 2025 година до 10 декември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 26**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата

надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 11 декември 2025 година до 17 декември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 27**

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за дополнително финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии и д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии, Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 28**

Владата ја донесе Ревидираната стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2026-2028 (со изгледи до 2030 година).

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за навремено и усогласено постапување согласно законските обврски на јавните претпријатија и трговските друштва во целосна и доминантна сопственост на државата, за подобро проектирање и ефикасно управување со јавните финансии, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на јавните претпријатија и трговските друштва во целосна и/или доминантна сопственост на државата, да ги достават, односно прикачат на електронскиот систем на е-влада на разгледување, односно одобрување финансиските планови, инвестиционите програми и програмите за работа за наредната година (2026 година), со соодветно пополнети обрасци за финансиско известување кои се доставуваат во прилог и претходно усвоени и/или одобрени од страна на Управниот одбор, Надзорниот одбор, односно Одборот на директори, најдоцна до 15.1.2026 година.

2. Се укажува на јавните претпријатија и трговските друштва во целосна и/или доминантна сопственост на државата доколку имаат измени на финансиските планови, инвестиционите програми и програмите за работа за 2026 година, да ги достават, односно прикачат на електронскиот систем на е-влада на разгледување, односно одобрување, во форма соодветна на веќе претходно разгледаните, односно одобрените од страна на Владата на Република Северна Македонија, во рок од три дена од денот на нивното усвојување и/или одобрување од страна на Управниот одбор, Надзорниот одбор односно Одборот на директори, Управниот, односно Надзорниот орган.

3. Се укажува на јавните претпријатија и трговските друштва во целосна и/или доминантна сопственост на државата тримесечниот финансиски извештај да го доставуваат на разгледување,

односно одобрување, во форма соодветна на веќе претходно одобрениот, односно разгледаниот финансиски план за 2026 година од страна на Владата на Република Северна Македонија со пополнети обрасци за финансиско известување, а во согласност со законски утврдениот рок, односно најдоцна 35 дена по истекот на тримесечјето.

4. Се укажува на јавните претпријатија и трговските друштва во целосна и/или доминантна сопственост на државата „Прегледот на приливи и одливи на месечна основа“ да го доставуваат електронски до Министерството за финансии, во рок од 30 дена по завршување на месецот.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање бр.11-5873/1 од 28 октомври 2025 година за измена на услови за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Министерството за финансии, поради неможност за отплата на доспеаните обврски по Договор за заем склучен со Експорт-импорт банка на Кина и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, да склучи договори за регулирање на доспеаниот долг на Јавното претпријатие за државни патишта кон Министерството за финансии по активираната државна гаранција, односно по платената рата на 21.7.2025 година по двата договори за обезбедување на државна гаранција бр.14-10754/2 од 24.6.2014 година и бр.14-10753/2 од 24.6.2014 година, за исполнување на обврските по Договорот за заем за „Проектот за изградба на автопат-делница Кичево-Охрид“ и Договорот за заем за „Проектот за изградба на автопат - делница Миладиновци-Штип”, склучени помеѓу Експорт-импорт банка на Кина и Јавното претпријатие за државни патишта Скопје, со рок на враќање од две години (24 месечни рати), без пресметка на редовна камата, односно отплатата кон Министерството за финансии да почне од 1 јануари 2027 година, на износ и под услови како што е утврдено во оваа информација.

2. Заклучокот по точка 8 од Нацрт–записникот од Сто дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 октомври 2025 година престанува да важи.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 30.9.2025 година, со табеларен преглед и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за правда - Управа за извршување на санкции, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, а се укажува на Градот Скопје, Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие Водовод и канализација - Скопје, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост - Скопје, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (АД МЕПСО), Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост и Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, да подготват акциски

план по дадениот Образец со статус заклучно со 30.6.2026 година, за секој проект кој го подготвуваат и/или имплементираат и истиот се финансира со заеми и/или инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори и истиот да биде доставен до Министерството за финансии, најдоцна до 15.7.2026 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии врз основа на добиените акциски планови од институциите наведени во Заклучокот бр.1, да подготви информација и да ја достави до Владата, до 31.7.2026 година.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Договор за грант меѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Европската банка за обнова и развој и Договор за обесштетување од страна на државата меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој за финансирање на TEN-T Проектот за автопат од Скопје до границата со Косово, со усогласен текст на Договор за грант и усогласен текст на Договор за обештетување од страна на државата и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за грант (TEN-T Проект за автопат од Скопје до границата со Косово) помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Европската банка за обнова и развој во врска со инвестициски грант од европскиот Заеднички фонд за Западен Балкан.

2. Го прифати усогласениот текст на Договорот за обештетување од страна на државата (TEN-T Проект за автопат од Скопје до границата со Косово) меѓу Република Северна Македонија и Европската банка за обнова и развој.

3. Се овластува Коце Трајановски, директор на Јавното претпријатие за државни патишта, да го потпише Договорот за грант (TEN-T Проект за автопат од Скопје до границата со Косово) помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Европската банка за обнова и развој во врска со инвестициски грант од европскиот Заеднички фонд за Западен Балкан.

4. Се овластува м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии, да го потпише Договорот за обештетување од страна на државата (TEN-T Проект за автопат од Скопје до границата со Косово) меѓу Република Северна Македонија и Европската банка за обнова и развој.

**Точка 33**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за утврдување на целите и придонесите за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија, со Предлог-уредба, за наредната седница на Владата.

**Точка 34**

Владата ја донесе Уредбата за моделите на договори за енергетски услуги за загарантирани заштеди и за заеднички финансиски заштеди кои се користат при договарањето на енергетски услуги, начинот на определување на вредноста на договорите за енергетски услуги и потребната документација во врска со спроведувањето на постапките за доделување на договори за енергетски услуги од страна на јавните партнери.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за определување на државни ловишта и за давање на управување на државните ловишта на правни лица кои вршат дејност од јавен интерес од областа на шумарството, ловството или заштита на животната средина, како и на установи за наставно-научни цели, со Предлог-одлука и предлог-решенија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за определување на државни ловишта, со заклучок од истата да се изземе точка 1.2 Брегалничко ловностопанско подрачје, потточка 1.2.1 Реон Кочани (ловиште бр.1 „Полаки“).

2. Го донесе Решението за давање на управување на државното ловиште „Душегубица“.

3. Го донесе Решението за давање на управување на државното ловиште „Тажево“.

4. Го донесе Решението за давање на управување на државното ловиште „Јасен“.

5. Го донесе Решението за давање на управување на државното ловиште „Јасен I“.

6. Го донесе Решението за давање на управување на државното ловиште „Фазанерија“.

7. Го донесе Решението за давање на управување на државното ловиште „Трубарево“.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-решението за давање на управување на државното ловиште „Полаки“ да се усогласи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Драган Илов ул.Цандо Кузманов бр.62, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Макбел хидро ДОО Охрид за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ Караниколос, со реф.бр.80 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент, да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Караниколос, бр.11-692/1 од 25.1.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 8 јануари 2027 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, да побара од концесионерот Макбел хидро ДОО Охрид, да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот за МХЕЦ Караниколос, најмалку до 9 март 2027 година.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Индиго хидро Македонија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф. бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф. бр. 144 и МХЕЦ Маркова со реф. бр. 145, со текст на Анекс бр. 10 на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент да склучи Анекс бр. 10 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф. бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф. бр. 144 и МХЕЦ Маркова со реф. бр. 145 со бр. 02-5784/1 од 1.7.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 27.5.2026 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Индиго хидро Македонија ДОО Скопје, да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф. бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф. бр. 144 и МХЕЦ Маркова со реф. бр. 145, најмалку до 27.7.2026 година.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за склучени договори за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи лоцирани во национални паркови и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од 30 дена, да подготви и до Владата да достави информација во однос на постапката за повторно прогласување на Национален парк Маврово.

2. Се препорачува на Јавната установа за управување и заштита на Националниот парк Шар Планина, во рок од 60 дена да најде решение за непречена реализација на МХЕЦ Караниколос со реф.бр.80, со сите придружни објекти, како и да ја информира Владата за можностите за реализација на МХЕЦ Пена 84 и МХЕЦ Пена 85.

3. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да подготви и до наредната седница на Владата да достави Предлог-методологија, со цел решавање на проблемите кои произлегуваат од склучените договори за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи лоцирани во национални паркови.

**Точка 40**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со предлог за спогодбено раскинување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 5, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 6 и на Договорот за концесија за користење на вода од мали хидроелектрични централи МХЕЦ Железна 15 и МХЕЦ Железна 17, со прилози.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Влада.

**Точка 41**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за утврдување на нов субјект на управување во Предлогот на закон за прогласување на Охридското Езеро за споменик на природата.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини на простор „Север - североисток“ Општина Кратово, Општина Крива Паланка, Општина Кочани и Општина Македонска Каменица, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одобрување на трошоци за арбитражниот предмет ФЦЛ Амбиенте С.Р.Л. против Република Северна Македонија (ISCID Case No. ARB/23/31), поведен пред Меѓународниот центар за решавање на Инвестициски спорови, ја усвои Информацијата и ги одобри дополнително настанатите, како и проектирани (планирани) вкупни трошоци за идни дејствија согласно усвоениот ревидиран процедурален календар над износот определен како првична проектирана сума за висината на трошоците во склученото писмо за ангажирање, во арбитражната постапка ФЦЛ Амбиенте С.Р.Л. како тужители против Република Северна Македонија како тужена страна и се согласува со нивна исплата.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за склучување Договор за проект помеѓу Канцеларијата на Обединетите нации за проектни услуги (the United Nations office for project services) и Владата на Република Северна Македонија/Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за Национален фонд за животна средина за чистење на ОХИС, Дополнување бр.6, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за проект помеѓу Канцеларијата на Обединетите нации за проектни услуги (the United Nations office for project services) и Владата на Република Северна Македонија/Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за Национален фонд за животна средина за чистење на ОХИС, Дополнување бр.6.

2. Се овластува Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот за проект помеѓу Канцеларијата на Обединетите нации за проектни услуги (the United Nations office for project services) и Владата на Република Северна Македонија/Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за Национален фонд за животна средина за чистење на ОХИС, Дополнување бр.6.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, по потпишувањето на Договорот, до 31 март 2026 година, да ги исплати средствата во износ од 250.000.000 денари од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија, Раздел 04001.

4. Се задолжува Министерството за финансии, средствата за реализација на втората и третата рата од договорот, во висина од 500.000.000 денари да ги обезбеди во буџетите на Владата на Република Северна Македонија во наредните две фискални години (2027 година и 2028 година) во два еднакви износи, а Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектите од Одлуката за склучување на анекс на Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.295/20 и 138/21) и Одлуката за склучување на анекс на Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.163/23) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино, Илинден, како инвеститор и ТАВ Хавалиманлари холдинг A.S., како референтен оператор, позитивната разлика од 41.054,00 денари да биде уплатена во Буџетот на Република Северна Македонија.

2. Се укажува на ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември"- Скопје, на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Северна Македонија" во државна сопственост - Скопје и на ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино, Илинден, како инвеститор и ТАВ Хавалиманлари холдинг A.S., како референтен оператор, дека писмената кореспонденција во врска реализација на проектите: Проект за реновирање и опремување на хируршки оперативен блок, оддел за анестезија, реанимација и интензивна нега со сите помошни простории во ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември" - Скопје и Проект за подобрување на капацитетот за патници во терминалната зграда - Охридски аеродром Свети Апостол Павле (член 15 од склучените договори), ќе се смета за потполно важечки извршена за Владата, ако истата е испратена со препорачана пошта и примена на следната адреса:

Влада на Република Северна Македонија - Генерален секретаријат на Владата
Бул. Илинден бр. 2 , 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Е-пошта: info@vlada.gov.mk

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од три дена да испрати известување до ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино, Илинден, како инвеститор и ТАВ Хавалиманлари холдинг A.S., како референтен оператор и да им достави сметка на Буџетот на Република Северна Македонија, на која ќе бидат префрлени средствата во износ од 41.054,00 денари.

**Точка 46**

Владата ја донесе Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2026 година(*).

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за Дваесет и четврта емисија на обврзници за денационализација.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Републука Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот април-јуни 2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Министерството за економија и труд - Државен пазарен инспекторат и Државниот инспекторат за труд, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука - Државен просветен инспекторат, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за транспорт - Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, Државниот инспекторат за транспорт и Државниот комунален инспекторат и Државниот завод за статистика, а им се укажува на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Агенцијата за национална безбедност, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, Јавното радиодифузно претпријатие – Македонска-радиотелевизија, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката и Акционерското друштво за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија во државна сопственост, да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот на април, мај и јуни 2025 година, по кои се уште не постапиле и во рок од 10 дена од денот на усвојувањето на оваа информација да го известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да доставуваат суштински одговори до Народниот правобранител, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

**Точка 50**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за системот за проценка на лица со попреченост, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници м-р Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Дрита Аслани, државен советник во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на населените лица околу месноста Вардариште и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да подготви и во рок од 30 дена по формирање на мултисекторска работна група до Владата да достави Акциски план за отпочнување на процес на инклузија и решавање на проблемите на лицата населени во неформални населби со рокови и конкретни мерки.

2. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади, до 31 јануари 2026 година да формира мултисекторска работна група, која ќе ги координира активностите за инклузија и решавање на проблемите на лицата населени во неформални населби, а во согласност и со мерките предвидени во Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

3. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за локална самоуправа, Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 до Министерството за социјална политика, демографија и млади, да доставaт номинации за член и заменик - член во работната група за координација на активностите за инклузија и решавање на проблемите на лицата населени во неформални населби, најдоцна до 15 јануари 2026 година.

4. Се укажува, односно се препорачува на Општината Гази Баба и Град Скопје, најдоцна до 15 јануари 2026 година до Министерството за социјална политика, демографија и млади да достават номинации за член и заменик - член во работна група за координација на активностите за инклузија и решавање на проблемите на лицата населени во неформални населби.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изработка на проектна документација за дополна на основни проекти за измени во тек на градба, за довршување на изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, како и изработка на ревизија на проектна документација за дополна на основни проекти за измени во тек на градба, за довршување на изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Врз основа на усно искажаното позитивно мислење на Министерството за финансии, даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерство за образование и наука од Програма 4 Потпрограма 48, сметка 637 за изработка на проектна документација за дополна на основни проекти за измени во тек на градба за довршување на изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, како и изработка на ревизија на проектна документација за дополна на основни проекти за измени во тек на градба за довршување на изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје и тоа за изработка на проектна документација 10.000,00 денари, со ДДВ во 2025 година и 10.867.928,00 денари, со ДДВ во 2026 година, како и за изработка на ревизија на проектна документација 10.000,00 денари, со ДДВ во 2025 година и 1.621.693,00 денари, со ДДВ во 2026 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, по добиено одобрение од Владата да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за изработка на проектна документација за дополна на основни проекти за измени во тек на градба за довршување на изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, како и изработка на ревизија на проектна документација за дополна на основни проекти за измени во тек на градба за довршување на изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје со плаќање за изработка на проектна документација 10.000,00 денари, со ДДВ во 2025 година и 10.867.928,00 денари, со ДДВ во 2026 година, како и за изработка на ревизија на проектна документација 10.000,00 денари, со ДДВ во 2025 година и 1.621.693,00 денари, со ДДВ во 2026 година.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта, како и услуги за вршење на стручно - технички надзор врз реконструкција на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта и ја усвои со следните заклучоци:

1. Врз основа на усно искажаното позитивно Мислење на Министерството за финансии, даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства, средства од Заем бр.FP 1732 (2011) и средства од Грант (WBIF: WB-IG05-MKD-SOC-01 CEB: LD 1732 (2011)) во 2025 и 2026 година, на Министерство за образование и наука за реконструкција на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта, како и услуги за вршење на стручно - технички надзор врз реконструкција на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта и тоа:

- од сметка 637 (за исплата на ДДВ) – расходи од основен буџет за набавка на градежни работи за реконструкција на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта со вредност од 36.000,00 денари во 2025 година и 5.398.501,00 денари во 2026 година;

- од сметка 786 – расходи од заем за набавка на градежни работи за реконструкција на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта со вредност од 200.000,00 денари без вклучен ДДВ во 2025 година и 29.991.674,00 денари без вклучен ДДВ во 2026 година и

- од сметка 785 – расходи од грант за набавка на градежни работи за реконструкција на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта со вредност од 264.000,00 денари без вклучен ДДВ во 2025 година и 12.553.809,00 денари без вклучен ДДВ во 2026 година, како и за набавка на услуги за вршење на стручно - технички надзор над реконструкција на пет објекти за физичко образование во основните и средните училишта со вредност од 11.600,00 денари без вклучен ДДВ во 2025 година и 1.063.637,00 денари без вклучен ДДВ во 2026 година.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од лиценцирање на ЕМТ Тип 1 тимови во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од седум дена, до Светската здравствена организација формално да испрати писмо, со кое се изразува намера за воспоставување и класификација на тимови за итен медицински одговор.

2. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување, како одговорна институција за имплементирање на Проектот, заедно со Министерството за здравство, во рок од 30 дена, да ја започне процедурата за формирање и лиценцирање ЕМТ Тип 1 тимови во Република Северна Македонија.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата со реални проблеми околу имплементацијата на Законот за планински патеки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за економија и труд, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за спорт и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за политички систем, а се укажува на Центарот за образование и научно истражување „Планинска академија"-Маврово, во рок од седум дена, да доставaт номинации до Министерството за култура и туризам за формирање на работна група за изработка на нов Предлог на закон за планински патеки.

2. Се задолжува Министерството за култура и туризам, во рок од 14 дена, да формира работна група за изработка на нов Предлог на закон за планински патеки со претставници од Министерството за економија и труд, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за спорт, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за политички систем и Центарот за образование и научно истражување „Планинска академија"-Маврово и во рок од 30 дена од формирањето на работната група, до Владата на да достави нов Предлог на закон за планински патеки.

**Точка 56**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на животната средина и просторното планирање за 2025 година и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

**Точка 58**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Струмица (уметничко дело, масло на платно).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (6 уметнички дела, масло на платно).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Националната установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски” – Скопје (уметничко дело на хартија).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Национална галерија на Република Северна Македонија – Скопје (31 уметничко дело).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Музеј на современата уметност – Скопје (22 уметнички дела).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Националната установа Музеј на Република Северна Македонија – Скопје (уметничко дело, цртеж акрил на картон).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Македонски народен театар – Скопје (2 уметнички дела, масло на платно).

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот завод за ревизија (12 уметнички дела).

**Точка 59**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за обезбедување финансиски средства за покривање на трошоци за посета на делегацијата од Општина Крагуевац, Република Србија, со цел воспоставување основа за нови заеднички проекти, иницијативи и културни настани.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио - телевизија за 2026 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 106 став (2) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/13, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), МРТ донесува годишна програма за работа и истата е должна да ја достави до Собранието, најдоцна до 30 октомври во тековната година, а којашто се однесува за наредната година и истата особено треба да содржи:

- програма за работа за наредната година со планирани активности, особено за исполнување на програмските обврски на МРТ согласно овој закон и

- финансиски план за наредната година кој ги содржи планираните приходи и расходи на МРТ за наредната година групирани по структура и по организациона структура на МРТ, како и предвидените капитални инвестиции на МРТ.

Според став (3) од овој член, во прилог на Годишната програма за работа на МРТ за наредната година се доставува и усвоената Годишна програма за работа на МРТ за тековната година, а

според став (4) од овој член, финансискиот план од ставот (2) алинеја 2 на овој член го одобрува Собранието, најдоцна до 31 декември во тековната година.

Во доставениот материјал недостасува Финансискиот план на МРТ за наредната 2026 година, со образложение дека согласно член 125 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги надзорот над материјално-финансиското работење го врши Надзорниот одбор. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор на МРТ е завршен на 5.3.2025 година, но поради изборниот период Програмскиот совет не бил во можност да изврши избор на нови членови. За оваа состојба Програмскиот совет во два наврати го известило Собранието, а законодавниот дом предметниот материјал го доставил до пратениците и до матичната комисија, со образложение дека Собранието нема надлежност да дава мислење за ваков случај. МРТ известува дека Финансискиот план за 2026 година, заедно со Предлог - одлуката за негово усвојување од страна на Собранието ќе биде доставен по изборот на Надзорен одбор и давање негова согласност по истиот (член 129 став (1) алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

Имајќи предвид дека согласно погоре цитираните законски одредби на членот 106 став (2) алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, финансискиот план е задолжителен составен дел на Годишната програма за работа на МРТ, се укажува дека истиот ќе треба да се достави заедно со согласност од Надзорниот одбор, согласно член 129 став (1) алинеја 5 од Законот, како и Предлог-одлука за одобрување на Финансискиот план на МРТ за 2026 година, согласно член 106 став (4) од Законот.

Од аспект на планираните активности на јавниот радиодифузен сервис, посебно се значајни заложбите на Претпријатието во 2026 година да биде ставен акцент на зголемување на производството на сопствената програма, посебно во делот на образовната, детската и културната програма, како и секојдневно продуцирање на информативни содржини. Емитувањето на програми на јазиците на етничките заедници, како пример за зачувување и афирмација на културните и етничките различности во македонското општество се во насока на унапредување на односите во мултикултурната средина и истовремено значи исполнување на обврските на јавниот радиодифузен сервис кои произлегуваат од членот 110 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во делот на инвестициите, приоритет на Македонската радио-телевизија ќе биде комплетната дигитализација на Македонското радио, како и инвестициите во делот на техничко-технолошкиот развој на МРТ во целост. Еден од приоритетите на развојот на јавниот радиодифузен сервис е зајакнувањето на дописничката мрежа во земјата, како основа за обезбедување веродостојни, брзи и сеопфатни информации од сите региони.

Стремежот за премин од јавен радиодифузен во јавен медиумски сервис произлегува од потребата за следење и приспособување на новите технолошки иновации, интеграција на повеќе платформи и обезбедување универзален пристап до содржини од јавен интерес.

Се цени дека ЈРП Македонска радио - телевизија дополнително треба да ги засили процесите на дигитална трансформација, надминувајќи го традиционалниот модел на емитување и воспоставување систем на линеарни и нелинеарни сервиси.

Во Годишната програма на МРТ за 2026 година се наведува дека основна мисија на јавниот сервис е создавање програма што ќе го негува, поттикнува и развива секој облик на домашно аудиовизуелно творештво, ќе понуди квалитет, веродостојност и разновидност во своите програмски содржини и ќе придонесе за меѓународна афирмација на македонскиот културен идентитет.

Своевремено, Народниот оркестар, Оркестарот на народни инструменти, Оркестарот Чалгии и Ревискиот оркестар на МРТ, кои денес не постојат, оставија траен белег во негувањето и афирмацијата на македонскиот фолклор преку поставување на високи професионални стандарди. Оттука, се цени дека МРТ треба да ја разгледа можноста од возобновување на оркестрите кои со децении наназад беа дел од историскиот и културниот идентитет на македонската држава.

Во последниот Извештај на Европската Унија за напредокот на земјата за 2025 година, се наведува дека јавниот сервис се соочува со предизвици и покрај подобрената состојба во неговото финансирање и изборот на Програмскиот совет од страна на Собранието. Притоа, се препорачува дополнително зајакнување на независноста и капацитетите на Македонската радио - телевизија. Во Извештајот се наведува дека МРТ сè уште не ги подмирила своите неплатени долгови.

Се цени дека во континуитет треба да продолжат и реформите за остварување на целосна уредувачка независност на јавниот сервис, преку зајакнување на професионалните и кадровските капацитети, истовремено имајќи ја предвид улогата на јавноста, која треба да биде навремено, објективно и точно информирана.

Во овој контекст е и почитувањето на професионалните и етички новинарски стандарди, односно целосно спроведување на членот 111 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кој ги опфаќа стандардите и начелата и од каде произлегува должноста за обезбедување вистинитост, непристрасност, објективност, избалансираност, плурализам на гледишта и сеопфатност во информирањето.

По однос на финансиските параметри, Владата на Република Северна Македонија ќе се произнесе, откако ќе биде доставен финансискиот план за 2026 година.

*

*   *

По однос на оваа точка, Љупчо Димовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, гласаше „против“.

**Точка 61**

Владата го одложи од разгледување Барањето за давање на автентично толкување на членот 6 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 13/23 и 59/25), поднесено од пратеникот Бојан Стојаноски, за наредната седница на Владата.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.159/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 28 став 2 од Законот за иновациска дејност, научно-технолошки развој и претприемништво („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/25 и 192/25) и притоа го утврди следново мислење:

Поднесената Иницијатива со која се бара поведување постапка за оценување на уставноста на член 28 став 2 од Законот за иновациска дејност, научно-технолошки развој и претприемништво е неоснована. Имено, оспорената одредба е во целост во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, вклучително и со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, кој се однесува на владеење на правото. Одредбата е јасна и по својата содржина претставува функционален и неопходен дел од законската рамка за поддршка на иновациските процеси.

Ако се анализира членот 28 може да се заклучи дека законодавецот извршил детално уредување на видовите финансиски инструменти преку кои Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво може да доделува средства, таксативно ги наброил сите постојни инструменти, ги дефинирал мерките за поддршка и ги уредил облиците на активности што се финансираат. Во тој контекст, ставот 2 од членот 28 претставува логично продолжение, со кое се дава можност за воведување и на други финансиски инструменти доколку критериумите за нивно оценување бидат пропишани со подзаконски акт, но под услов тие критериуми да бидат во согласност со веќе утврдените критериуми во самиот закон. Во таа смисла Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво нема арбитрерна, неограничена и дискрециона моќ, туку, напротив, е обврзана да се држи во рамките на Законот за иновациска дејност, научно-технолошки развој и претприемништво.

Дополнително, оспорениот дел од членот 28 поточно ставот 2 е формулиран на начин кој не дозволува произволно дејствување на Агенцијата, затоа што законот експлицитно бара критериумите за оценување на новите инструменти да бидат пропишани со подзаконски акт, но истите мора да останат во согласност со истите оние критериуми кои веќе се претходно определени со Законот. Подзаконскиот акт, согласно уставниот принцип за хиерархија на правните прописи, не може да го менува законот ниту да создава сопствени, нови или поразлични критериуми или правила, туку со оспорениот член 28 став 2 од Законот исклучиво се врши еден вид на допрецизирање на законските правила.

Оттука, се смета дека во целост е испочитуван принципот на владеење на правото, односно хиерархија на правните акти, од причина што оспорениот член 28 став 2 содржи прецизно определено овластување чии граници се јасни и предвидливи.

Се смета дека во Иницијативата погрешно се тврди дека одредбата била непрецизна и „ставена наспрема целината на одредбите од законот", како и дека „овозможувала арбитрерно пропишување на критериуми". Во таа насока се укажува дека Законот точно ги утврдува условите под кои може да се воведат други финансиски инструменти. Со оспорената одредба од членот 28 став 2 законодавецот дал еден вид на општа формулација, додека на подзаконски прописи остава само техничко разработување што е и суштината на подзаконските акти. Се смета дека не е целисходно Законот да биде обременет со одредби кои се премногу опширни и навлегуваат во непотребни детали. Токму затоа подзаконските акти ги доуредуваат, односно разработуваат законските одредби. Овој модел на законско уредување е во целост во согласност со Уставот, кој предвидува задолжителна усосогласеност на подзаконските акти со законите и Уставот.

Од друга страна се потенцира на специфичната природа на иновациската политика и динамичниот карактер на технолошкиот развој кои бараат законодавецот да остави можност за прилагодување на инструментите на поддршка.

Од наведените причини се смета дека членот 28 став 2 овозможува флексибилност неопходна за исполнување на јавниот интерес во насока на стимулирање на претприемништвото.

Врз основа на горенаведеното, произлегува дека оспорениот дел од член 28, односно ставот 2 е во согласност со уставните одредби, начела и принципи и имајќи го предвид истото Владата на

Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати предметната Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.Бр.159/2025, односно да донесе Решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на член 28 став 2 од Законот за иновациска дејност, научно-технолошки развој и претприемништво („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/25 и 192/25).

**Точка 63**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Цеца Малева Стоев од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.986 за КО Конско, на КП бр.575, викано место/улица „Конско“ и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Весова од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.351, за КО Бардовци, на КП бр.1751, викано место/улица „Село“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елвин Зиба од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.157013, за КО Охрид 2, на КП бр.10505/1, викано место/улица „Град“ и недвижен имот запишан во Имотен лист бр.7313, за КО Охрид 2, на КП бр.10505, викано место/улица „Богомолска 14“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10314 за КО Илинден, на КП бр.1163/1, викано место/улица „Село“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анита Цветановска од Куманово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.83479 за КО Куманово, на КП бр.11070/1, викано место/улица „С.Лозја“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Горан Каранфиловски од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.91699, за КО Штип 1, на КП бр.1280, викано место/улица „Каленица“ и Имотен лист бр.91311 за КО Штип 1, на КП бр.1296/2, КП бр.897/3 и КП бр.898, викано место/улица „Каленица“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Понудата од извршител Гордана Џутеска од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.10579, за КО Враништа, на КП бр.994/1, викано место/улица „с.Враништа“, доставено под И.бр.380/2025 и по истата ги усвои мислењата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, Министерството за финансии и Министерството за транспорт.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на проектот „Обнова на возниот парк” на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, кој ќе се финансира по пат на заем од Европската банка за обнова и развој, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата го разгледа Годишниот извештај за остварување на меѓуопштинска соработка, за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Годишната сметка на Централниот регистар на Република Северна Македонија за 2024 година, финансиските извештаи за годината завршена на 31 декември 2024 година и Извештајот на независниот ревизор, со дополнувањата, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Централниот регистар на Република Северна Македонија за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о. за период од 1 април 2025 година до 30 јуни 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 75**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1 јануари до 31 март 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, за период од 1 јули 2025 година до 30 септември 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, за период од 1 октомври 2024 година до 31 декември 2024 година, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, за период од 1 јануари 2025 година до 31 март 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 79**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, за период од 1 април 2025 година до 30 јуни 2025 година, како материјал за информирање.

Исто така, Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ – Скопје, да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 80**

1. Владата го разреши Сашо Томиќ, од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Куманово, на негово барање.

2. Владата ја именува Александра Количева, за член на Управниот одбор - од редот на корисниците предложен од Советот на корисници на ЈУ Центар за социјална работа - Валандово.

3. Владата ја разреши Наталија Дединец, од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Радовиш, на нејзино барање.

4. Владата ја разреши Спасија Ефнушева, од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Радовиш, претставник од Советот на општината, на нејзино барање.

5. Владата ја разреши Милена Перчинкова, од должноста член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити, поради истек на мандатот.

5.1. Владата повторно ја именува Милена Перчинкова, за член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити, претставник од Здружението на банкарство и осигурување - Македонска банкарска асоцијација.

6. Владата го разреши Бобан Јаќимовиќ, од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“ - Скопје, на негово барање.

6.1. Владата ја именува Емилија Костадиновска, за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“- Скопје.

7. Владата го разреши Ндерим Ферати, од должноста член на Управниот одбор - претставник од стручниот орган на Јавната установа Национален парк Шар Планина, поради истек на мандатот.

7.1. Владата повторно го именува Ндерим Ферати за член на Управниот одбор - претставник од стручниот орган на Јавната установа Национален парк Шар Планина.

8. Владата го именува Константин Христовски за член на Управниот одбор на ЈУ Центар за образование на возрасните, претставник од редот на стручните работници вработени во Центарот.

9. Владата го разреши Арсим Идризи, од должноста вршител на должноста директор на Инспекторатот за употреба на јазиците, орган во состав на Министерството за правда.

10. Владата го именува Арсим Идризи за директор на Инспекторатот за употреба на јазиците, орган во состав на Министерството за правда и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

11. Владата го разреши Сабри Алити, од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за лекови и медицински средства.

12. Владата го именува Сабри Алити за директор на Агенцијата за лекови и медицински средства и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

13. Владата врз основа на член 64 став (1) од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија да го огласи именувањето на јавниот обвинител на Република Северна Македонија во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во најмалку два дневни весници од кои еден од весниците што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, веднаш по упразнувањето на местото.

14. Владата го разреши Даниел Георгијевски, од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје, на негово барање.

14.1. Владата го именува Димитар Николовски за вршител на должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје.

15. Владата го именува Аднан Сејфулаји за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје.

16. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водоснабдување Студенчица - Кичево, ги именува:

- Милица Спироска и
- Јован Којчески.

17. Владата го именува Ељвис Муслији за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта.

18. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем, ги именува:

- Биљана Димитрова Радеска и
- Делфит Каљоши.

19. Владата даде согласност на Одлуката на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија број 02-5141/1 од 18.12.2025 година, со која за вршител на должноста заменик-директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија се именува Вахит Ферати.

20. Владата од должноста членови на Националната комисија за учебници за основно и средно образование, ги разреши:

- Серјожа Гонтарев
- Гордана Анастасова
- Ангелка Баракоска и
- Марина Џепароска Танасоска.

20.1. Владата за членови на Националната комисија за учебници за основно и средно образование, ги именува:

од високообразовните и научните установи од областа на уметностите и спортот:

- Кристина Светиева

од основните и средните училишта од редот на наставниците:

- Весна Ничева
- Влатко Кузманоски и
- Слаѓана Настовска.

21. Владата на предлог на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија заклучи на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје, да објави Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на еден член на Управниот одбор на ова јавно претпријатие.

22. Владата донесе Решение за формирање на Комисија за селекција за избор на: 1 (еден) член на Управниот одбор во ЈП Национална радиодифузија - Скопје, во следниот состав:

- Благоја Ташаминов - претседател
- Анета Стојановска - заменик-претседател

од редот на вработените во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

- Марија Апостолова Николовска - член
- Дејан Герасимовски - заменик-член

од Секторот за човечки ресурси во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

- Надица Апостоловска - член
- Даниела Ѓоргиевска Костадиновска - заменик-член

од редот на вработените во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија
- Шиќири Коруми - член
- Љупчо Камчев - заменик-член

од редот на вработените во ЈП Национална радиодифузија - Скопје
- Кристина Чулева - член
- Куштрим Јакупи - заменик-член.

23. Владата заклучи да објави јавен оглас во најмалку два дневни весника кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на претседател и членови на Регулаторната комисија за домување.

Истовремено, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа укажа на потребата од именување на директор на Инспекторатот за локална самоуправа.

**Точка 81**

**1.** Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

**2.** Владата го разгледа Барањето за измена на Заклучокот бр.5 по точка 21 „Информација во врска со Извештајот за конкурентност за 2024 година на државите од Западен Балкан од страна на Организацијата за економска соработка и развој (OECD)“, од Нацрт - записникот на Триесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 ноември 2024 година, го прифати Барањето и заклучи Заклучокот да се измени и да гласи:

„5.Се задолжува Министерството за економија и труд да разгледа можности за преземање на мерки за имплементирање на препораките за подобрување на конкурентноста на економијата содржани во димензија 12 (Животна средина) и за истото да ја информира Владата, во рок од 30 дена“.

**3.** Владата го разгледа Барањето за номинирање на член во Комисијата за финансиска поддршка на процесите за дигитализација во компаниите при Стопанската комора на Северна Македонија, го прифати Барањето и заклучи за претставник на Владата на Република Северна Македонија да го номинира Гоце Боболински, државен советник во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, за член – претставник на Владата на Република Северна Македонија во Комисијата за финансиска поддршка на процесите за дигитализација во компаниите.

4. Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на проекти распределени согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локална самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/24 и 251/24) и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за транспорт да отпочне процедура за потпишување на Анекс кон договорите за финансиски средства со единиците за локална самоуправа за проектите кои нема да се реализираат, заклучно со 2025 година, со можност исплатата да се врши до комплетно завршување на проектот.

2) Се задолжува Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт да ги потпише анексите кон договорите за финансиски средства со единиците за локална самоуправа.

**5.** Владата го одложи од разгледување Предлогот за формирање на Работна група за воспоставување на механизам за заштита од употребата на стратешки тужби против јавното учество (SLAPPs) за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнително усогласување.

**6.** Владата го разгледа Предлогот за изменување на точка 1 - Информација за степен на реализација на проектите од Програмата за работа на Владата (2024-2028) за октомври 2025 година, со табеларен преглед од Нацрт - записникот од Сто дваесет и седмата (тематска) седница, одржана на 11 ноември 2025 година и заклучи точка бр.23 и точка бр.24 од истиот да бидат еден заклучок, кој ќе гласи:

„Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ја разгледа можноста и начинот за подготовка на национална стратегија за инвестициски бренд на Република Северна Македонија, со јасно дефинирани целни групи (инвеститори, дијаспора, партнери), приоритетни сектори (зелена енергија, дигитална трансформација, иновации, висока технологија), клучни пораки, визуелен идентитет и комуникациска платформа, како и да ја разгледа можноста за промоција на Република Северна Македонија кон приоритетни пазари (САД, Европската Унија, Блискиот Исток и други) и за спроведување на дигитална кампања на Google, LinkedIn, професионални мрежи и медиуми, преку маркетинг-експерти и дијаспората и за истото да ја информира Владата, најдоцна до крајот на март 2026 година“.

**7.** Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на проекти распределени согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локална самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на животната средина и просторното планирање за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/24 и 251/24) и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, да отпочне процедура за потпишување на Анекс кон договорите за финансиски средства со единиците за локална самоуправа за проектите кои нема да се реализираат заклучно со 2025 година, со можност исплатата да се врши до комплетно завршување на проектот.

2) Се задолжува министерот за животна средина и просторно планирање, да ги потпише анексите кон договорите за финансиски средства со единиците за локална самоуправа.

**8.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за локална самоуправа за изменување на Заклучокот од точка 28: Прашања и предлози „Табели со податоци за секој проект поединечно од Потпрограмата АА финансирани од јавниот повик за 2024 година и 2025 година, со теренски пресек до 30 ноември 2025 година“ од Сто триесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 декември 2025 година, прифати Барањето и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„Владата ги разгледа Табелите со податоци за секој проект поединечно од Потпрограмата АА финансирани од јавниот повик за 2024 година и 2025 година, со теренски пресек до 30 ноември 2025 година, како материјал за информирање“.

**<u>Точка 82</u>**

Владата ја донесе Уредбата за Методологија за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици за 2026 година.

**Точка 83**

Владата ја донесе Програмата за распределба и користење на средства за проекти во сообраќајната/патната инфраструктура во 2026 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 84**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на мост на Кочанска Река за поврзување на улица „Лазар Андонов“ со улица „Вера Которка“ во Општина Кочани и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2026 и 2027 година на Министерството за транспорт, за изградба на мост на Кочанска Река за поврзување на улица „Лазар Андонов“ со улица „Вера Которка“ во Општина Кочани, во вкупна вредност од 22.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2026 година – средства во износ од 5.000.000,00 денари, со вклучен ДДВ и
- 2027 година – средства во износ од 17.000.000,00 денари, со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт да ги обезбеди потребните средства предвидени за 2026 и 2027 година во рамки на максималните износи на расходи за соодветните фискални години.

**Точка 85**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на дел од собирна улица „Никола Карев“ и дел од градска магистрална улица „Новопланирана 1“ во Кочани (јужен булевар, влез од кај Грдовци) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2026 година и 2027 година на Министерството за транспорт, за проектот: Изградба на дел од собирна улица „Никола Карев“ и дел од градска магистрална улица „Новопланирана 1“ во Кочани (јужен булевар влез од кај Грдовци), во вкупна вредност од 118.000.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2026 година – средства во износ од 35.000.000,00 денари, со вклучен ДДВ и
- 2027 година – средства во износ од 83.000.000,00 денари, со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт да ги обезбеди потребните средства предвидени за 2026 година и 2027 година, во рамки на максималните износи на расходи за соодветните фискални години.

**Точка 86**

Владата на барање на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за утврдување на висината на надоместокот на членовите на Комисијата за евалуација на барањата за доделување на финансиска поддршка на инвестиции, за некоја од наредните седници на Владата.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 87**

Владата ја донесе Одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерални суровини – руди на олово и цинк на локалитетот „Мечкин Камен“, Општина Македонска Каменица на Рудникот САСА ДООЕЛ Македонска Каменица.

**Точка 88**

При разгледувањето на точка 88 од Дневниот ред од Сто триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 декември 2025 година, се констатира дека поради системска грешка на е-влада, елаборатот/точката 14 со наслов: „Информацијата за потреба од спогодбено раскинување на Договор за “Изведба на објекти за времено сместување и амбуланта за прва помош, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во ТИРЗ Скопје1 и ТИРЗ Скопје2 и објекти за времено сместување, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во ТИРЗ Штип и ТИРЗ Прилеп по принцип клуч на рака“ (договор број во ДТИРЗ 05-1413/4 од 18.12.2023година), со прилози“ е дуплиран во делот на дополнителни точки, како точка 88.

**Точка 89**

Владата ги разгледа Годишната сметка и финансиски извештаи за период од 1 јануари 2024 година до 31 декември 2024 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година, со Извештај од независните ревизори, прилози и предлог-одлуки и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на ревидираната Годишна сметка и Финансиските извештаи за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година.

3. Ја донесе Одлуката за покривање на загубата по Годишната сметка за 2024 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

4. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2024 година (Марјан Стефановски-неизвршен член на Одбор на директори за период од 3.9.2024 година до 4.9.2024 година и извршен член на Одбор на директори за период од 5.9.2024 година до 31.12.2024 година).

5. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2024 година (Шукри Масурица–неизвршен член на Одбор на директори за период од 1.1.2024 година до 3.9.2024 година).

6. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2024 година (Трим Река–претседател на Одбор на директори за период од 1.1.2024 година до 3.9.2024 година).

7. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2024 година (Митко Белимов–неизвршен член на Одбор на директори за период од 1.1.2024 година до 3.9.2024 година).

8. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2024 година (Зоран Ѓоргијев – извршен член на Одбор на директори, за период од 1.1.2024 година до 3.9.2024 година).

9. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2024 година (Дени Милевски – неизвршен член на Одбор на директори, за период од 3.9.2024 година до 4.9.2024 година и претседател на Одбор на директори, за период од 5.9.2024 година до 31.12.2024 година).

10. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2024 година (Гоце Марковски– неизвршен член на Одбор на директори, за период од 3.9.2024 година до 31.12.2024 година).

11. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2024 година (Блерим Јакупи – неизвршен член на Одбор на директори, за период од 3.9.2024 година до 31.12.2024 година).

12. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2024 година (Азем Фејзоски – независен неизвршен член на Одбор на директори, за период од 1.1.2024 година до 3.9.2024 година).

13. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2024 година (Абаз Демири – независен неизвршен член на Одбор на директори, за период од 3.9.2024 година до 31.12.2024 година).

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Изменување и дополнување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10MW) во Општина Штип, Општина Радовиш и Општина Карбинци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за донесување на Изменување и дополнување на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10MW) во Општина Штип, Општина Радовиш и Општина Карбинци (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 91**

Владата го разгледа Записникот од Деветтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 22 декември 2025 година, со Записник од Осмата седница на Групата за процена, одржана на 22 декември 2025 година и предлог – одлука и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Деветтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи, одржана на 22 декември 2025 година.

2. Ја разгледа Предлог - одлуката за постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, за таа цел Владата го задолжи Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, до Владата да достави Предлог - одлука за отстапување на мазут од задолжителните нафтени резерви на нафтени деривати на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, претходно усогласена со Секретаријатот за законодавство, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

3. Периодот на постоење на кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија е седум дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

4. Се задолжува Главниот штаб за управување со кризи при Центарот за управување со кризи да ги следи состојбите, да координира со активностите и редовно да ја информира Владата.

**Точка 92**

Владата го разгледа Извештајот за спроведувањето на чекорот ,,Минимум 70% од матичните буџетски корисници на централно ниво да имаат документ за управување со ризик, вклучително и антикорупцискиот ризик и ги евидентираат идентификуваните ризици во плановите за ублажување,, од Област на политика 1.РЈА (вклучително и УЈФ) - Подобласт ,,Управување со јавни финансии,,- реформа ,,Зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола“, утврден со Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан – Реформска агенда за Република Северна Македонија 2024 – 2027, како материјал за информирање.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето-задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2025 година и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 94**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (наменети за исплата по основ на арбитражната одлука донесена од Трибуналот на Меѓународниот суд за арбитража (ICA)).

**Точка 95**

Владата ја донесе Одлуката за укинување на увозната давачка-царинската стапка за живински и птичји јајца во лушпа, свежи, конзервирани или варени (согласно усно изнесеното позитивно мислење на Министерството за финансии).

**Точка 96**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предвремена примена на Протокол 2 воспоставен со Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција во однос на дефинирањето на поимот „производи со потекло" и методи на административна соработка, заменет со одлука бр. 1/2025 на Мешовитиот комитет и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за започнување со примена на Законот за работно ангажирање на лица, како материјал за информирање.

**Точка 98**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за определување на квота за дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територијата на Република Северна Македонија за 2026 година, поради потребата истата да се разгледа во редовна владина постапка.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар за потребите на реновираните простории на Одделот за анестезија, реанимација и интензивно лекување - КАРИЛ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2026, 2027 и 2028 година на Министерството за здравство, за набавка на медицински и немедицински инвентар за потребите на реновираните простории на Одделот за анестезија, реанимација и

интензивно лекување - КАРИЛ, во вкупна вредност од 295.000.000 денари, со вклучен ДДВ, со следната динамика на плаќање:

- за 2026 година, средства во износ од 59.000.000 денари,
- за 2027 година, средства во износ од 118.000.000 денари и
- за 2028 година, средства во износ од 118.000.000 денари.

2. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои девет месеци, се до конечна реализација на набавката.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, потребните финансиски средства за реализација на набавката да се обезбедат во рамки на одобрениот буџет на Министерството.

**Точка 100**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање под закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба (од страна на Министерството за здравство на Град Скопје - ЈП Градски паркинг - Скопје, за организирање на паркирањето во Комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје), за некоја од наредните седници на Владата, по спроведување на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (недвижни ствари-објекти, кои се наоѓаат на ул. „Водњанска“ бб во Скопје), точка 106 од оваа седница на Владата.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на 100 амбулантни возила со надоградена медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2026, 2027, 2028 и 2029 година на Министерството за здравство за набавка на 100 амбулантни возила со надоградена медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи, вкупно потребни финансиски средства за набавка на 100 амбулантни возила со надоградена медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи изнесуваат 461.250.000 денари со вклучен ДДВ, со следната динамика на плаќање:

За 2026 средства во износ од 69.187.500,00 денари, со вклучен ДДВ,
За 2027 средства во износ од 115.312.500,00 денари со вклучен ДДВ,
За 2028 средства во износ од 115.312.500,00 денари со вклучен ДДВ,
За 2029 средства во износ од 161.437.500,00денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои девет месеци, се до конечна реализација на набавката.

**Точка 102**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Предлог- одлуката за спојување на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје со Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје во Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија и кардиоваскуларна хирургија - Скопје–„Национален центар за кардиоваскуларни заболувања“.

**Точка 103**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации (*), по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за дигитална трансформација да го усогласи текстот на Предлогот на закон и кореспоедентните табели со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации (*), по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереници Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација.

**Точка 104**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење (*), по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за транспорт да го усогласи текстот на Предлогот на закон и кореспондентните табели со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење (*), по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

**Точка 105**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за пописот на земјоделството во Република Северна Македонија, 2026 година, по скратена постапка, поради потребата истиот да се разгледа во редовна владина постапка.

**Точка 106**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (недвижни ствари-објекти, кои се наоѓаат на ул. „Водњанска“ бб во Скопје).

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:10 часот.